ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

ТОП ВЕСТИ:

- Почна реконструкцијата на Спомен-домот АСНОМ
- Ќе се изработува техничка документација за решавање на проблемот со водоснабдување то на Голак
- Реконструкција на локалниот пат за с. Стамер
- Општина Делчево во најтранспарентни те институции во државава


ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 38 ЈУЛИ-АВГУСТ 2023


## Почна реконструкцијата на Спомен-домот АСНОМ



### Ќе се изработува техничка документација за решавање на проблемот со водоснабдувањето на Голак



### Реконструкција на локалниот пат за с. Стамер



### Општина Делчево во најтранспарентните институции во државава





Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

# Совет на Општина Делчево



Советот на Општина Делчево ја одржа редовната 25 Седница на Советот на која се донесоа повеќе одлуки и заклучоци.

Советот донесе Одлука за одобрување средства за изградба на детска градинка во Општина Делчево, согласно со донесената Програма на Владата на Република Северна Македонија во износ од 8.217.348,00 денари без ДДВ, односно 9.646.471,00 денари со вклучен ДДВ, со цел да се избере најповолна понуда согласно спроведена постапка за групна набавка, како и, а со цел да се склучи Договор за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Делчево. Останатите финансиски средства кои ги финансира општината Делчево се уредени со Договор за групна набавка на градежни работи бр 03-4102/1 од 25.05.2022 година.

Советниците го усвоија Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2023, за периодот од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година. Извршувањето на буџетот на Општина Делчево за првиот квартал 2023 година, изнесува 24,5% односно од вкупно планираните приходи во износ од 312.458.713 ден. за првиот квартал се наплатени 76.490.996 денари. Од нив, во Основниот буџет, од планирани 102.094.000 реализирани се 24.079.568 ден. или 23,6%. Во буџетот на дотации од планирани 194.456.000 приходи реализирани се 48.152.251 односно 24,7%, во буџетот на донации од планирани 3.118.713 реализирани се 2.374.590 ден. и во буџетот на самофинансирачки активности од планирани 12.790.000 реализирани се 1.884.587 денари, или 14,7 %. Расходите се реализирани во износ од 70.001.533 денари од вкупно планираните 312.458.713 денари односно 22,4%, додека во основниот буџет се реализирани 21.216.128 од планираните 102.094.000 или 21%.

Советниците го усвоија Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Општина Делчево; Одлуката за усвојување на ажурираната Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Делчево од сите ризици и опасности; Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2023 година; Стратегијата за безбедност на патиштата и Акцискиот план за Општина Делчево за 2023 година; Годишната програма за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Делчево за 2023 година; Одлука за одобрување спонзорство на Црковен одбор на с. Трабbooтивиште; Одлука за одобрување финансиски средства по барање број 09 -1319/1 од 21.06.2023; Одлука за одобрување на финансиски средства по барање број 09-1373/1 од 21.06.2023; Одлука за одобрување финансиски средства по барање број 09-1378/1 од 23.06.2023; Одлука за финансиска поддршка на КУД „Гоце Делчев“-Делчево, како и Заклучок во врска со барање од жители на Ново Делчево бр.09-1312/1 од 15.06.2023 година; Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект викенд-куќа зграда бр.2 по барање на Ѓеорги Костадинов;

Одлука за давање согласност на ООУ „Климент Охридски“-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици; Одлука за давање согласност на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици.

Совет на Општина Делчево

Актуелности

# Ќе се изработува техничка документација за решавање на проблемот со водоснабдувањето на Голак




Во рамките на Договорот за заедничка реализација на проектот „Изработка на технички документации за унапредување и промоција на конкурентските предности на Источен плански регион“ за Општина Делчево ќе се изработува техничка документација за реконструкција на постоечка и изградба на нова водоводна мрежа за туристички локалитет ГОЛАК. Договорот беше потпишан на Седница на Советот на ИПР, од градоначалникот Горан Трајковски и директорката на Центарот за развој на ИПР Зујица Ангелова, а потребните финансиски средства за реализација на проектот се обезбедени од Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој со вкупен износ од 1.274.400 милиони денари со кофинансирање од Општина Делчево во износ од 173.658,00 денари.

Основниот проект за водоснабдување на туристичкиот локалитет Голак треба да предвидува искористување и реконструкција на постоечките каптажи, доопремување на постоечките пумпни станици со комплетна автоматика, доградба или реконструкција на постоечките резервоари, реконструкција на постоечките главни цевководи и да се предвидат оградени заштитни зони за резервоарите, зафатите и каптажите. Разводната мрежа треба да се проектира како гранкаст систем со соодветни приклучоци, противпожарни хидранти, воздушни вентили, испусни вентили и други објекти потребни за нормално функционирање на мрежата. Вкупната должина на водоводната мрежа со главниот цевовод е приближно 6000 м.

Актуелности

# Се санираат штетите од невремето во Делчево



Инженерски тим од АРМ работеше на санација на дел од последиците од невремето на инфраструктурата коешто го зафати Делчево на 8 јуни, а согласно со владината одлука за прогласување кризна состојба од поплави во Делчево.
Тимот од АРМ работеше по точно определен план усогласен со МТВ, а кој опфаќа санација на критични точки на ендеци и водотеци.
Се очекува наскоро во санација на штетите да се вклучат и екипи од ЈП за одржување и заштита на магистрални регионални патишта.
Координатор на активностите за санација е Центарот за управување со кризи.
Силното невреме со пороен дожд и грмежи на 8 јуни во попладневните часови предизвика оштетувања на дел од коловозите во градот и околината, а беа поплавени подрумски простории на куќи и други објекти во градот.

# Се реконструира улицата „Ванчо Прке“

Актуелности



По 43 години од изградбата, најфреквентната улица во населбата Втори Реон, ул „Ванчо Прке“, доби нов асфалт. Заврши асфалтирањето на улицата со што жителите на оваа населба во Делчево добија современа сообраќајница и современа патна инфраструктура и пристап до своите домови. Улицата е реконструирана во должина од 223 метри, а изградени се и тротоари по должината на улицата.

Увид во завршните работи на реконструкцијата направи градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски кој посочи дека со реконструкцијата на оваа улица се реши актуелниот проблем со оштетеноста на коловозот и ударните дупки.

-Реконструкцијата на улицата беше приоритет за решавања и одговор на барањата на граѓаните од населбата Втори реон. Станува збор за најфреквентна улица во населбата која е со голем наклон, но беше и доста оштетена што директно влијае на безедноста на учесниците во сообраќајот. Со реконструкцијата се влијае на подобрување на безбедноста во сообраќајот на учесниците, како и квалитетот на живеење на населението од ромска, македонска и турска етничка заедница која живее на улицата и во овој дел од населбата, рече Трајковски.

Реконструкцијата на улицата е финансирана од комбинирани извори, преку Владата на РСМ и МТВ за поддршка на имплементација на Декадата и Стратегијата на Ромите и Општина Делчево.

Вредноста на работите изнесува 2.712.867,00 денари со вклучен ДДВ. Владата на Република Северна Македонија го исплаќа износот од 1.428.074,00 денари, а Општина Делчево износот од 1.284.793,00 со вклучен ДДВ.

Работите ги изведуваше ЕУРО-БЕТОН ДООЕЛ извоз-увоз с.Град.

Инаку, на оваа улица претходно беше реконструирана водоводната мрежа при што беше заменета старата дотраена азбестна водоводна мрежа со нова пвц-инсталација.

Актуелности

# Ќе се реконструира улицата „Острец“




Со средства од Владата преку Министерството за транспорт и врски за имплементација на Декадата и Стратегијата за Ромите и од Буџетот на Општина Делчево ќе се реконструира улицата „Острец“ во населбата Трети Реон.
Денеска во МТВ, министерот Благој Бочварски го додели Договорот на Општина Делчево со кој Општина Делчево доби 931.973 денари, средства за реконструкција на улицата.
Градоначалникот Трајковски посочи дека улицата „Острец“ е главна сообраќајница во населбата Трети Реон, па реконструкцијата на оваа улица е од огромно значење за сите жители од населбата.
-Моменталната состојба на улицата е лоша, со големи нерамнини и ударни дупки, а ако се земе предвид и фактот дека претходно на улицата беше поставена нова водоводна инсталација во должина од 400 м, тогаш планираната реконструкција на улицата е следната фаза која води до подобрена безбедноста на учесниците во сообраќајот, но и соодветен пристап на противпожарни и амбулантски возила со што се одговара на приоритетите на жителите од населбата, но и на сите граѓани, истакна Трајковски.
На улицата „Острец“ претходно се реконструираше и критичната кривина на улицата која денес е со проширен коловоз, тротоари, потпорен ѕид, изградена атмосферска канализација, а улицата има и соодветно сообраќајно обележување.

Актуелности

# Се изработува Стратегија за соработка со невладиниот сектор на Општина Делчево



Преку проектот „Силни организации за одржлив локален развој“, Регионалниот центар за застапување Делчево во партнерство со Општина Делчево ќе ја изработува новата стратегија за Соработка на Општина Делчево со граѓанскиот сектор. Новиот четиригодишен стратешки документ ќе се изработува во неколку фази и за разлика од претходниот (2019-2022), ќе вклучува повеќе активности чиишто резултати треба да придонесат за поквалитетен документ за наредните четири години.

Во текот на целиот процес ќе бидат вклучени претставници на сите активни локални граѓански организации, како и претставници од локалната самоуправа. Најнапред преку фокус- група ќе се направи ревизија и евалуација на претходната стратегија со цел да се разгледаат позитивните и негативните аспекти од нејзината имплементација, а потоа РЦЗ ќе спроведе истражување за идентификација на потребите на организациите. Процесот на креирање на новата стратегија ќе се одвива преку партиципативно учество на сите организации и претставници на општината преку 4 еднодневни работилници.

Драфт -верзијата ќе биде презентирана пред јавноста и ќе се даде можност за коментари и сугестии од граѓаните. Целиот процес ќе биде воден од надворешен експерт. Паралелно со овој процес РЦЗ ќе организира и кампања за промоција на бенефитите од соработката која НВО секторот ја има со локалните самоуправи преку изработка на промотивно видео и подкаст.

Проектот е финансиран преку Механизам на ЕУ за граѓанска отпорност/ „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“ што се финансира од ЕУ.

# Авионско третирање на комарците



Во Делчево во текот на месец јули се спроведе авионското третирање против возрасни комарци. Прскањето се вршеше со еколошкиот препарат CICE-RON 2.ULV кој е широкопојасен инсектицид одобрен од Бирото за лекови. Прскањето го вршеше лиценцирана фирма за авиоуслуги БОНИЕР ДООЕЛ Куманово, избрана по претходно спроведена тендерска постапка.

Во Делчево се третираше површина од 300 ha, односно на локации по речното корито на Брегалница, централно градско подрачје до езеро „Сандански“, реони и населби во градот и поширокиот опфат на Општината.

Општина Делчево секоја година врши соодветно третирање на вектор-преносителите на заразни болести, а активноста е предвидена во Годишната програма за заштита на населението од заразни и други болести.

## Извршена дератизација во Делчево



Во Делчево беше извршена вонредна дератизација на градската канализациска мрежа, како превентивна акција по поплавите во Делчево, а по препорака на епидемиолошката служба при ЈЗУ Центарот за јавно здравје во Кочани со цел превенција од заразни болести.

Дератизацијата ја вршеа стручни екипи од ЈЗУ Центар за јавно здравје, Кочани, ПЕ Делчево во соработка со ЈКП „Брегалница“ и овластени лица од Одделението за инспекциски надзор при Општина Делчево.

Според предвидените параметри, за успешно справување со овој тип преносители на заразни заболувања, посебно по обилни дождови и поплави, третирана е градската канализациска мрежа со посебен акцент на реоните од градот кои најмногу настрадаа од неодамнешните поплави. Со акцијата беа третирани над 70 канализациски шахти со средство „Бродисан“ во вид на гранули и коцки за неутрализирање на преносителите, глувци и други глодари кои се потенцијални преноститељи на вектор заразни заболувања. Според предвидените мерки и активности, употребени се 30 кгр од средството во гранули и 5 кгр од средството во вид на коцки за дератизација на градската депонија.

Главна цел на дератизацијата е да се намали популацијата на глодарите кои, освен што се преносители на заразни болести, во потрагата по храна можат да предизвикаат оштетувања на разни видови инсталации, како телекомуникациски, водоводни, но можат да предизвикаат и штети во домовите.

Актуелности

Актуелности

# Општина Делчево со висока транспарентност и за 2023

Општина Делчево се наоѓа на високото 6 место од сите 98 институции, (Владата, министерствата и општините) по исполнување на обврските за активна транспарентност за 2023 година.
Ова го покажува Индексот на активна транспарентност од Центарот за граѓански комуникации во редовното годишно рангирање на институциите, односно според проактивното објавување информации од јавен карактер во кое се вклучени 98 институции, односно Владата и сите министерства и општини.
Активната транспарентност на Општина Делчево во 2023 година изнесува 97,1 % (од можни 100 %) со што Општината се наоѓа во групата институции со ’многу добра‘ активна транспарентност (исполнување на обврските од 80 % до 100 %). Со овие бодови, општината се наоѓа на 6-та позиција од вкупно 98 рангирани институции или трета општина во Република Северна Македонија, додека првото место во ИПР го дели со општините Берово и Кочани.
Овие податоци докажуваат дека Општина Делчево четврта година по ред одржува високо ниво на активна транспарентност и веќе 4 години е меѓу институциите со многу добра активна транспарентност, за разлика од претходниот период кога Општината имаше просечна транспарентност.
Меѓу **регионите**, пак, повторно на првото место е Источниот Регион (со 83 % активна транспарентност), а на последно место останува Скопскиот Регион (со 66 отсто активна транспарентност).
Просечната активна транспарентност на Владата, министерствата и на општините за 2023 година изнесува 76% (од максимално можни 100%) и во однос на лани е подобрена само за 3 процентни поени. Активната транспарентност на министерствата и Владата изнесува 86%, а на општините 74%. За разлика од лани, министерствата се подобриле за помалку од еден процент, додека општините се подобриле за 4%.
Под ’активна транспарентност‘ се подразбира објавувањето информации на сопствена иницијатива на институциите, без притоа некој да има доставено до нив барање за пристап до тие информации. Постои и законска основа за проактивно објавување информации, која се наоѓа, пред сè, во Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, но и во низа други закони, како што се Законот за локалната самоуправа, Законот за буџетите, Законот за јавен долг, Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и др. Освен од регулативата, активната транспарентност произлегува и од добрата практика, а институциите имаат обврски за проактивно објавување информации и од акциските планови во рамките на иницијативата за Партнерство за отворена власт.
Истражувањето е изработено во рамките на проектот „Мониторинг на јавните набавки“ што го спроведува Центарот за граѓански комуникации, а е финансиски поддржан од Фондацијата Отворено општество – Македонија.

# Проект за социјално мапирање и обезбедување услови за рехабилитација на лица со попреченост во Делчево

Актуелности



Општина Делчево доби грант за спроведување социјално мапирање и обезбедување услуги за рехабилитација и реинтеграција на лица со попреченост. Проектот се реализира во партнерство со НВО „Бравура кооператива“, а е во рамките на регионалниот проект „Регионална соработка за подобра социјална инклузија на локално ниво“ имплементиран од Мрежата на асоцијации на локални власти на ЈИЕ – НАЛАС и Асоцијациите на локалните власти од Западен Балкан, а со поддршка на ГИЗ и ЗЕЛС.

Општина Делчево и Општина Куманово се двете општини во кои ќе се имплементира овој проект, а на информативниот состанок во Делчево на кој присуствуваа претставници од НАЛАС и Асоцијациите на локалните власти од Западен Балкан, како и од ГИЗ и ЗЕЛС, беше дефиниран начинот на имплементација на проектот, календарот на активности и целите кои треба да се постигнат.

Проектот обезбедува техничка помош со цел да се зајакнат капацитети за:

• примена на социјално мапирање и принципот „Не оставајте никого зад себе“ (LNOB) со цел идентификување на потребите на лицата со попреченост како ранлива група, со посебен акцент на потребите на жените и девојките со попреченост;

• подготовка на Извештај од социјалното мапирање вклучувајќи и препораки засновани на докази, како и предлог мерки/услуги неопходни за задоволување на потребите на лицата со попреченост;

• интегрирање на препораките засновани на докази и предлог– мерки/услуги во локалните политики, како што се социјалниот план или програма за социјална заштита, и

• воспоставување или проширување на услугите за рехабилитација и реинтеграција на лица со попреченост, со посебен акцент на жени и девојки со попреченост.

Дополнително, Општина Делчево ќе добие поддршка за обезбедување **услуги за рехабилитација и реинтеграција на лица со попреченост.**

Избраните локални самоуправи, исто така, ќе бидат вклучени и во активности за градење капацитети за воспоставување и испорака на услуги за рехабилитација и реинтеграција на лица со попреченост. Во оваа насока, ќе се формира Кластер за учење за услуги за рехабилитација и реинтеграција на лица со попреченост со кој ќе управува ЗЕЛС, со стручна поддршка на искусни практичари. Вкупната вредност на поддршката од донаторите е 8.000 евра.

# Младински глас за локална акција

Актуелности



Заврши проектот „Младински глас за локална акција" кој се реализираше 12 месеци од страна на Регионалниот центар за застапување со поддршка на Општина Делчево. Во рамките на проектот беа вклучени 100 млади, беа спроведени 200 онлајн анкети, снимени два поткасти „Младински лаф-муабети", две дводневни работилници за јакнење на капацитетите на младите од регионот, како и дводневен летен камп на планината Голак, каде младите од регионот споделуваа искуства и добри практики за младинскиот активизам. Целта на проектот кој ги обедини сите овие активности, беше креирање ефективни механизми и подготвеност на младите за вклучување во процесите на донесување одлуки на локално ниво преку зајакнати капацитети на сите вклучени страни и активности за подигање на јавната свест на младинскиот активизам. Проектот е финансиски поддржан од ЕУ, а спроведуван од Коалицијата СЕГА.

# Ученици од Делчево на младински противпожарен камп во Словенија

Актуелности



Осум ученици од основните училишта од Делчево заедно со градоначалникот, Горан Трајковски и претставници од ТППЕ Делчево учествуваа на 20 интернационален противпожарен камп во Општина Чрномељ, Р. Словенија.

На кампот учествуваат 190 деца поделени на водови, а за секој вод беше определен по еден ментор. Учениците низ детски игри, дружење, показни вежби со пожарникарите, се запознаа со работата на пожарникарите, учеа како се користи опремата со цел да научат што значи да се биде пожарникар.

Целта на овој традиционален камп кој се одржува во Чрномељ, е да се мотивираат младите да се приклучат кон доброволните противпожарни друштва. Учеството на ученици од Делчево на овој камп е резултат на добрата соработка на двете општини, Делчево и Чрномељ.

Градоначалникот Горан Трајковски во своето обраќање на отворањето на кампот, истакна дека соработката меѓу двете општини која започна минатата година со донации на две возила и опрема за делчевските пожарникари, испишува нови страници.

– Оваа соработка отвора перспективи и ги мотивира младите да ја засакаат оваа хумана професија. Очекувам дека ќе можеме ова практика на Општина Чрномељ за организирање младински противпожарен камп да ја примениме и во Делчево, бидејќи размената на искуства, основните познавања на оваа професија кои се стекнуваат на ваков начин е во насока за мотивација на младите да ја засакаат и да ја разберат професијата пожарникар, рече Трајковски.

Инаку, градоначалникот Трајковски за време на престојот во Словенија ги посети и македонските војници кои работат на санација на штетите во поплавените подрачја при што имаше и средба со командатот на војската, капетан Зоран Сумрачки.

Воедно, беше и дистрибуирана помошта која изминативе денови беше собирана од ученици од Делчево за помош на настраданите од поплавите во Делчево.

Актуелности

# Делчево ги чествуваше двата Илиндена



Со пригодна свеченост во организација на Општина Делчево, во Делчево се одбележаа 120 години од Илинденското востание и 79 години од Првото заседание на АСНОМ, каде се удрени темелите на македонската држава.

Со почит кон споменот и оставнината на борците за слобода од Илинденското востание 1903, пред споменикот на великанот Гоце Делчев, преку рефератот подготвен од играорците од КУД „Гоце Делчев" од Делчево, беше потенцирано значењето и улогата на Илинденското востание во 1903 година во развојот на револуционерната мисла и борбата и аманетот на храбрите илинденци.

Чествувањето продолжи пред споменикот на паднатите борци, каде за значењето и улогата на Првото заседание на АСНОМ во 1944 г, пригоден реферат прочитаа членови на КУД „Гоце Делчев".

Во рамките на одбележувањето, пред двете спомен-обележја во градот, свежо цвеќе положија делегација на Општина Делчево, претставници на Советот на Општина Делчево, претставници од политички партии, јавни институции, здруженија на граѓани.

Традиционално, чествувањето на Илинден продолжува со културно-уметничка програма и граѓански собир во манастирот „Свети Илија" во с. Ѕвегор.



# Се одржаа Голачките фолклорни средби

Култура




Во Делчево се славеше фолклорот и традицијата во рамките на 28-то издание на меѓународниот фолклорен фестивал „Голачки фолклорни средби“. На летната сцена пред Спомен-домот АСНОМ настапија 9 фолклорни и пејачки друштва од земјава и од соседните земји, Србија и Бугарија.

За градоначалникот Горан Трајковски кој го отвори фестивалот, во Делчево фолклорот обединува, но и го чува живото наследство и традицијата.

-Тоа е таа нишка која нѐ идентификува и нѐ обележува низ вековите. Традицијата е таа која имаме обврска да ја чуваме и промовираме и да не дозволиме под влијание на новото време да се заборави и да се изгуби. Но, имаме и обврска кон зачувување на општото добро за сите граѓани, во таа смисла и зачувување на шумите, како наше најголемо богатство. Затоа, и оваа година, од безбедносни причини со цел заштита на шумата на Голак, почитувајќи ја актуелната забрана за движење во шумите, фестивалот го одржуваме во Делчево. Локацијата не го намалува значењето на фестивалот, напротив, докажуваме дека кога е фолклорот во прашање, сите локации се соодветни, бидејќи целта ни е една -да ја продолжиме традицијата, рече Трајковски.

Фестивалот се организираше од Општина Делчево и НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“.



Култура

# Лето во ЈЛБ „Илинден“



Ова лето ЈЛБ„Илинден“-Делчево реализираше тридневна работилница на тема„Лето во ЈЛБ Илинден“ во кој активно беа вклучени ученици од основните училишта од Делчево.

Во првиот ден од работилницата кој се реализираше под мотото „Лето“, ученици на различна возраст преку цртежи твореа на темата доловувајќи ја својата имагинација за летото и летните радости. Творбите на учесниците на работилницата беа изложени на отворено пред влезот на библиотеката, така што сите сограѓани можеа да ја разгледаат и да се воодушевуваат на делата на младите уметници.

За вториот ден од работилницата „Лето во ЈЛБ Илинден“, дечињата сложуваа сложувалки. Секоја направена сложувалка остана како подарок за дечињата. Со оваа активност се стимулира менталниот развој и помага во развојот на когнитивните вештини.

На последниот, трет ден од работилницата присуствуваа 20 ученици. На работилницата се креираше „Радосно дрво“, на кое дечињата на шарени ливчиња си го напишаа името и што сакаат да бидат кога ќе пораснат. Сите тие ливчиња беа залепени на дрвото и на тој начин ја обликуваа неговата крошна.

ЈЛБ„Илинден“, упати огромна благодарност до сите учесници на летните работилници и благодарност до родителите кои помогнаа во реализацијата.

## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk



**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Соработник: Благица Петровска**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Даниела Такева**


**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**